УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

STREPSILS / СТРЕПСИЛС
лимон, без шеќер
пастила

2,4-Dichlorobenzyl alcohol
Amylmetacresol

Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за Вас.
Овој лек се издава без рецепт за третман на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт, ако Ви се потребни дополнителни информации.
- Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 3 дена, тогаш мора да појдете на лекар.
- Доколку некое несакано дејство стане сериозно или забележите некое несакано дејство кое не е набројано во ова упатство, Ве молиме да се обратите кај својот лекар или фармацевт.

Упатството за пациентот содржи:

1. Што претставува лекот СТРЕПСИЛС лимон, без шеќер и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го употребите лекот СТРЕПСИЛС лимон, без шеќер
3. Како да го употребувате лекот СТРЕПСИЛС лимон, без шеќер
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на лекот СТРЕПСИЛС лимон, без шеќер
6. Дополнителни информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ СТРЕПСИЛС ЛИМОН, БЕЗ ШЕЌЕР И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Пастилите СТРЕПСИЛС лимон, без шеќер содржат две антисептични состојки кои се користат за третман на грло. Наменети се за симптоматско олеснување при инфекции на уста и грло. Активните состојки се благи антисептици кои ги уништуваат бактериите кои предизвикуваат инфекции на устата и грлото. Се употребуваат на тој начин што се остава пастилата полека да се растопи во устата со што се овозможува постојано и директно делување на активните состојки во засегнатата регија и истовремено помага во навлажнување и омекнување на болното место.
Ова помага во ослободување од болката и непријатноста при инфекции на устата и грлото.

2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ, ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ СТРЕПСИЛС ЛИМОН, БЕЗ ШЕЌЕР

Производот е наменет за возрасни, деца над 6 годишна возраст и постари лица.
Децата под 6 годишна возраст не смеат да го употребуваат овој производ.

Немојте да ги употребувате пастилите Стрепсилс лимон, без шеќер:

- ако сте алергични (пречувствителни) на активните состојки или на било која друга состојка на лекот наведена во дел 6 - Дополнителни информации
- кај деца под 6 годишна возраст
- имате интолеранција на некои шеќери како фруктоза, глукоза-галактоза и сахароза-изомалтоза, која е потврдена од страна на Вашиот лекар. Интолеранцијата се јавува како резултат на недостиг на ензими фруктоза-I-фосфат алдолаза (интолеранција на фруктоза), глукозна-галактозна малапсорпција и недостиг на сахароза-изомалтаза.

Бидете посебно внимателни со пастилите Стрепсилс лимон, без шеќер ако:
- имате или сте имале други проблеми со грлото

Употреба на други лекови
Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

Бременост и доење
Не се препорачува употреба на овој лек ако сте бремени или мислите дека сте бремени и ако доите.
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт, пред да земете било каков лек.

Важни информации за некои од помошните супстанции на лекот
Овој лек содржи изомалтитол и малтитол. Ако Ви кажал Вашиот лекар дека сте интолерантни на некои шеќери консултирајте се со Вашиот лекар пред употреба на овој лек.

3. КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ ЛЕКОТ СТРЕПСИЛС ЛИМОН, БЕЗ ШЕЌЕР

Оставете ја пастилата во устата да се растопи полека.
Се препорачува по една (1) пастила на секои 2 до 3 часа.
За возрасни, деца над 6 години и постари лица.
Да не се земаат повеќе од 12 пастили во тек на 24 часа.
Не се препорачува за деца помали од 6 години, поради можноста од загушување со пастилата.

Ако симптомите перзистираат повеќе од 3 дена или ако нешто невообичаено се случи Ве молиме да се консултирате со Вашиот лекар.

Ако сте земале поголема доза отколку што треба
Ако сте земале поголема доза отколку што треба може да се јават стомачни потешкотии.
Престанете со земање на лекот и консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

Ако сте заборавиле да го земете лекот
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза. Продолжете со нормална употреба на лекот.
Доколку имате други прашања во врска со употребата, посоветувајте се со Вашиот фармацевт.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и **Стрепсилс лимон, без шеќер** пастилите може да имаат несакани дејства, иако не се јавуваат кај сите.
Ако дојде до појава на било каква реакција на хиперсензитивност (пречуствителност) на лекот како на пример чешање, престанете со земање на лекот и веднаш консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.
Ако некое несакано дејство стане сериозно или ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ЛЕКОТ СТРЕПСИЛС ЛИМОН, БЕЗ ШЕЌЕР

ЛЕКОТ СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!
Да се чува на температура до 25°C

Лекот на смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не смеат да се исфрлаат во домашен отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржат пастилите Стрепсилс лимон, без шеќер
Секоја пастила содржи активни супстанции:
2.4-Дихлоробензил алкохол 1.2 mg и
Амилметакрезол 0.6 mg

Помошни супстанции: арома на лимон, натриум сахаринат, винска киселина, малтитол сируп, изомалт.

Како изгледа лекот Стрепсилс пастили со лимон, без шеќер и содржина на пакувањето
Бела до светло жолта кружна пастила, со ознаката за брендот Стрепсилс, втисната на двете страни на пастилата.
Секое пакување содржи 16 пастили.

Производител
Reckiit Benckiser Healthcare International Limited Nottingham Обединето Кралство

Носител на одобрение за ставање на лек во промет
ЗЕГИН ДОО Скопје Ул.Народен Фронт бр. 5/3-1 1000 Скопје, Република Македонија
Тел 02 3 241 600

Начин на издавање на лекот
Лекот може да се издава и/или продава без лекарски рецепт (БР).

Број на одобрение за пуштање на лек во промет

Датум на последна ревизија на упатството за пациентот